**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Уп1 Бр.** 03-65

16.02 **2023 година**

**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 55 став 5 од истиот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-344/1 од 26.01.2023 година и Заклучокот арх.бр.02-735/3 од 15.02.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 5-та седница одржана на 15.02.2023 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Јавното радиодифузно претпријатие (ЈРП) МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска Телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), заради извршена повреда на член 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што во програмите „Gurmania channel (Tradicionalja/Veggie)" и „Gurmania channel (Veggie/Zhuzuff Kitchen)" емитувани на 4-ти јануари 2023 г., на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, беа пласирани производи без да биде јасно означено дека содржат пласирање производи.

   Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-344/1 од 26.01.2023 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска Телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена

повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, утврдено е дека за констатираните прекршувања во тековната година, за кои веќе биле изречени мерки во претходната година, Советот на Агенцијата повторно ќе изрече мерка јавна опомена според роковите утврдени во Упатството.

Согласно член 55 став 5 од ЗАВМУ, во програмите кои содржат пласирање на производи треба да биде јасно означено дека се работи за програма во која има пласирање на производи. Овие програми мора да бидат соодветно означени на почетокот и на крајот на програмата и при продолжување на програмата по секоја пауза за рекламирање, со цел да се избегне забуна кај гледачите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 26-ти јануари 2023 г., изврши програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска Телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), емитуван на 4-ти јануари 2023 г., на државно ниво, при што констатираше прекршување на членот 55 став 5 од ЗАВМУ.

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска Телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), емитуван на 4-ти јануари 2023 г., на државно ниво, констатирано е прекршување на член 55 став 5 од ЗАВМУ, на начин што во програмите „Gurmania channel (Tradicionalja/Veggie)“ и „Gurmania channel (Veggie/Zhuzuff Kitchen)“, по жанр – забавно-документарни програми (кулинарство), не е јасно означено дека содржат пласирање производи.

Повредата од точка 1 од ова Решение, спецификувана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-344/1 од 26.01.2023 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска Телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2) на 30.01.2023 г., испрати Допис наш арх.бр.10-344/2 од 30.01.2023 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-344/1 од 26.01.2023 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот, на 30.01.2023 г., за што во предвидениот рок ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска Телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), достави писмено изјаснување за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ, наш арх.бр.10-344/3 од 09.02.2023 г. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 15.02.2023 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното писмено изјаснување и заклучи на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска Телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 55 став 5 од истиот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-344/1 од 26.01.2023 г. и Заклучокот арх.бр.02-735/3 од 15.02.2023 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 15.02.2023 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска Телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2) и му се наложува, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-344/1 од 26.01.2023 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

-ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска Телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2);
-Директорот на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска Телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2);
-Одговорното лице на програмата во ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска Телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2);
-Секторот за правни работи и јавни набавки;
-Секторот за програмски работи; и
-Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 26.01.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 344 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2);

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 јануари 2023 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 26 јануари 2023 година;

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
- **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
- **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);
- **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
- **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);

- Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (емитување игри на среќа) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14).

6. Претходно изречена мерка: /

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), емитуван на 4 јануари 2023 година, на државно ниво, констатирано е прекршување на членот 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во програмите кои содржат пласирање производи треба да биде јасно означено дека се работи за програма во која има пласирање производи. Овие програми мора да бидат соодветно означени на почетокот и на крајот на програмата и при продолжување на програмата по секоја пауза за рекламирање, со цел да се избегне забуна кај гледачите).

Во програмите „Gurmania channel (Tradicionalja/Veggie)“ и „Gurmania channel (Veggie/Zhuzuff Kitchen)“, по жанр - забавно-документарни програми (*кулинарство*), емитувани на 4 јануари 2023 година, не е јасно означено дека содржат пласирање производи.

- Во точка 25 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи е наведено дека со цел да се избегне забуна кај гледачите, програмите кои содржат пласирање производи треба да бидат јасно означени, на почетокот и на крајот на програмата, како и при секое продолжување на програмата, доколку таа се прекинува со паузи за рекламирање.
- Во точка 26 е наведено дека ТВ програмите кои содржат пласирање производи се означуваат со истакнување лого (PP) и текст на ТВ екранот.

**4.1.2023 г.**

| **Наслов на емисија** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| **„Gurmania channel** (Tradicionalja / Veggie)“ - забавно-документарна програма | 03:15:46 | 03:43:58 |
| **„Gurmania channel** (Tradicionalja / Veggie)“ - (реприза) | 13:29:17 | 13:57:28 |
| **„Gurmania channel** (Veggie/Zhuzuff Kitchen)“- забавно-документарна програма | 16:28:43 | 17:00:07 |
| **Опис на прекршувањето:** Не е јасно означено дека програмата содржи пласирање производи. | | |

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** во програмите „Gurmania channel (Tradicionalja/Veggie)“ и „Gurmania channel (Veggie/Zhuzuff Kitchen)“ емитувани на 4 јануари 2023 година, на

телевизискиот програмски сервис на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), беа пласирани производи без да биде јасно означено дека содржат пласирање производи.

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи – во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***